Врз основа на член 30 став 1, алинеја 1 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за дополнување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

### Член 1

Во Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 71/20 и 79/20), по членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

**" Член 1-а**

Стоките од членот 1 на оваа одлука може да се продаваат на големо само во магацини, складови за трговија на големо, на пазарите за трговија на стоки на големо и на агро берза.

Во објектите наведени во ставот 1 на овој член е забрането вршење на трговија на мало на крајни потрошувачи. "

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-2651/1**
**3 април 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**